Здружение на општини Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија
Shoqata e komunave Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut
ЗЕЛС - BNJVL
Бр.-Nr. 0307-483
20.06.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

Национален Демократски Институт за Надворешни Работи
Вашингтон САД
Подружница во Република Северна Македонија
Бр. 154/2025
20.06. 2025 год.

Меморандум за соработка

во рамките на

проектот за зајакнување на отпорноста на општините кон корупција помеѓу

Националниот демократски институт како имплементатор (НДИ)

и

Здружение на општини Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија - ЗЕЛС

јуни 2025

Извршно резиме

Овој Меморандум за соработка (во понатамошниот текст „МС“) е склучен на 20 јуни 2025 година, помеѓу:

НАЦИОНАЛНИОТ ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУТ, ул. Лазар Личеноски бр. 13, Скопје, Република Северна Македонија, кој дејствува како локална канцеларија на организацијата која го спроведува проектот (во понатамошниот текст „**имплементатор**“)

и

Здружение на општини ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ЗЕЛС, ул. Копенхагенска бр. 5, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, која дејствува како стратешка заинтересирана страна (во понатамошниот текст „**ЗЕЛС**“);

во врска со

соработката во рамките на проектот

„Зајакнување на отпорноста на општините кон корупција“, (во понатамошниот текст „Заедници со интегритет“ или „ЗИ“) финансиран

од Швајцарската Конфедерација и Шведска

потпишан од страните на 20 јуни 2025 во Скопје
(во понатамошниот текст еднина како „**Страна**“ и заедно како „**Страни**“).

При што:

А. Локалната канцеларија на НДИ е **организација која го спроведува проектот**. **Националниот демократски институт** е непрофитна, непартиска организација која работи на поддршка и зајакнување на демократските институции ширум светот преку учество на граѓаните, отвореност и отчетност во управувањето. Од 1993 година, НДИ континуирано работи во земјата и соработува со Собранието, Владата, кабинетот на Претседателот, политичките партии и граѓанското општество, развивајќи и спроведувајќи иновативни, релевантни и одржливи програми кои се базираат на партнерство и тимска работа.

Б. **Здружението на општини Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија – ЗЕЛС** е национална, непрофитна организација со седиште во Скопје и е единствено здружение што ги претставува сите општини во земјата. Основан за зајакнување на локалното управување, ЗЕЛС служи како обединет глас на локалните власти, промовирајќи ја

децентрализацијата, поддржувајќи го развојот на општините и подобрувајќи го капацитетот на локалните самоуправи да им испорачуваат квалитетни услуги на граѓаните. Здружението ја олеснува соработката меѓу општините, обезбедува техничка помош, се вклучува во дијалог за политиките со националните институции и ги претставува интересите на локалните самоуправи на домашни и меѓународни форуми. Преку својата работа, ЗЕЛС игра клучна улога во унапредувањето на доброто управување, транспарентноста и одржливиот локален развој во Р. С. Македонија.

В. **Заедници со интегритет (ЗИ)** е проект во Република Северна Македонија финансиран и поддржан од Швајцарската Конфедерација и Шведска, и се спроведува од НДИ. Целта е да им се помогне на општините во Република Северна Македонија да воспостават и институционализираат силни системи на интегритет и пракса за минимизирање на ризиците од корупција и зголемување на довербата на граѓаните.

Проектот ЗИ ги поддржува општините, министерствата и агенциите на централната власт за подобро препознавање и ублажување на ризиците од корупција во општините и ги зајакнува капацитетите на граѓанското општество и медиумите за следење на општинските процеси на донесување одлуки и испорака на услуги. Проектните резултати го вклучуваат следното:

- Општините ќе имаат воспоставени посилни антикорупциски механизми во клучните области на услуги/области со големо влијание;
- Општините ќе ги отворат своите процеси за јавна контрола преку отворени податоци и редовни јавни консултации;
- Регулаторните механизми што влијаат врз општините ќе се зајакнат и/или воведат со цел да се намалат стимулациите и можностите за корупција на општинско ниво;
- Политичкиот дијалог меѓу националните институции ќе создаде посилни механизми за надзор и мониторинг на антикорупциските мерки/мерките за ублажување на ризиците во општините;
- Општините, граѓанското општество и медиумите ќе развијат и имплементираат ефикасни јавни антикорупциски кампањи;
- Граѓанското општество ќе има алатки и капацитет за разбирање и мониторинг на локалните предизвици за корупција; и
- Граѓанското општество и медиумите ќе вршат надзор врз клучните локални прашања и ќе се вклучат во антикорупциски активизам.

1. Цели и области на соработка

Страните ги утврдија следните цели за соработка со поддршка на следните два резултати од проектот ЗИ:

Резултат 1: Општините се подобро подготвени да ја идентификуваат и ублажат ранливоста од корупција;

Резултат 2: Граѓанското општество и медиумите имаат зголемени капацитети за подобро следење на процесите на одлучување и испорака на услуги на општините.

Страните ќе соработуваат за постигнување на следните цели на соработка:

(а) Обезбедување техничка помош за развој на внатрешни процедури и механизми насочени кон спречување корупција;
(б) Градење на капацитетите на локалните службеници преку прилагодени програми за обука дизајнирани да им помогнат да идентификуваат и пријават коруптивни практики;
(в) Промовирање транспарентност преку поддршка на објавувањето на податоци и јавни информации;
(г) Помош во дигитализацијата на услугите за подобрување на ефикасноста и намалување на ризикот од корупција; и
(д) Зајакнување на локалната соработка меѓу општините, политичките партии, граѓанското општество и медиумите за намалување на можностите за корупција.

2. Улоги и задачи на страните

Поконкретно, имплементаторот ќе го поддржи ЗЕЛС на следниов начин:

а) Стратешко учество во управувањето со проектот
ЗЕЛС ќе учествува во Советодавниот одбор на ЗИ; претседателот на ЗЕЛС ќе има улога на член во Советодавниот одбор на ЗИ и ќе присуствува на неговите состаноци. Оваа улога ќе го позиционира ЗЕЛС да придонесе стратешки кон целокупната насока и имплементација на проектот, истовремено обезбедувајќи дека перспективите и приоритетите на неговите општини членки се целосно претставени.

б) Градење институционални капацитети
Проектот ќе обезбеди насочена поддршка за зајакнување на институционалните капацитети на ЗЕЛС, така што тој ќе може подобро да го поддржи зајакнувањето на системите за интегритет на општините. Ова вклучува поддршка при спроведување програми за обука и развој на ресурсни материјали насочени кон подобрување на способноста на ЗЕЛС и неговите членки, општините, да идентификуваат, адресираат и спречуваат корупција на локално ниво.

в) Ангажман во политиката и законодавството
ЗЕЛС ќе биде поканет да даде придонес и препораки за време на консултативните процеси поврзани со развојот на предложени законски измени и/или предлози за политики во врска со мерките против корупција на општинско ниво. Ова ангажирање ќе помогне да се осигури дека специфичните

потреби, предизвици и перспективи на локалните самоуправи се одразуваат во релевантните реформи.

г) Технолошка поддршка и подобрување на инфраструктурата
Со одобрение од донаторот, проектот може да ја поддржи модернизацијата на технолошката инфраструктура на ЗЕЛС. Ова може да вклучува обезбедување опрема и софтверски решенија дизајнирани да ја подобрат функционалноста на ЗЕЛС со цел да се подобри внатрешната и надворешната комуникација, односно да ја зајакне координацијата со општините членки.
Страните ќе работат и на поддршка на дигитализацијата на работењето на локалната самоуправа.

Поддршката на ЗЕЛС за проектот ЗИ:

а) Учество во Советодавниот одбор
ЗЕЛС ќе учествува на состаноците на Советодавниот одбор, кои се одржуваат двапати годишно, при што претседателот ќе нуди стратешки перспективи и ќе придонесува со насоки на високо ниво за имплементација на проектот и усогласување со општинските приоритети.

б) Промоција на правни и институционални реформи
Онаму каде што е соодветно, ЗЕЛС може да се залага за правни реформи и воспоставување локални механизми кои имаат за цел да ги минимизираат можностите за корупција. Ова ангажирање би помогнало да се обезбеди гласовите и потребите на локалните самоуправи да се одразат во развојот на националните политики и законските рамки за борба против корупцијата.

в) Поддршка за локални практики за борба против корупцијата
ЗЕЛС може да ги охрабри своите општини членки да размислат за усвојување политики, процедури или механизми кои се во согласност со националните стратегии за борба против корупцијата. Ваквите напори би можеле да придонесат за намалување на ризиците од корупција и подобрување на интегритетот на локално ниво.

3. Соработка и комуникација меѓу Страните

а) Двете страни се согласуваат да соработуваат врз доброволна основа
б) Двете страни се согласуваат да соработуваат таму каде што ќе пронајдат заеднички интерес и потреба за спроведување на активности за потребите на проектот, по одобрување од донаторите.
в) Двете страни се обврзуваат при спроведувањето на активностите да се водат од потребата за минимизирање на можностите за корупција на локално ниво.

4. Преглед на напредокот на проектот ЗИ

а) Претставници на Страните ќе се состануваат по потреба за време на имплементацијата на горенаведените активности за да го разгледаат и

дискутираат функционирањето на Меморандумот за соработка и заедничките иницијативи што произлегуваат од него.

б) Имплементаторот ќе ги информира донаторите за напредокот на Меморандумот за соработка во рамките на своето редовно известување или ад хок, доколку е потребно.

5. Времетраење и прекин на Меморандумот за соработка

а) Овој Меморандум за соработка стапува на сила со негово потпишување од двете Страни.

б) Овој Меморандум за соработка е валиден до 31 октомври 2028 година, што се совпаѓа со завршувањето на првата четиригодишна главна фаза од проектот. Двете страни можат да иницираат прекин на овој Меморандум преку доставување на писмено известување за прекин три месеци однапред.

Потпишано во два (2) оригинални примероци, секој на англиски и македонски јазик, при што сите текстови се подеднакво автентични. Во случај на каков било спор во врска со одредбите од овој Меморандум за соработка, обврзувачка ќе биде англиската верзија.

Потпишано во Скопје на 20 јуни 2025 год

за и во име на Националниот демократски институт (НДИ):

Роберт Скот Хејзлет

Виш резидентен директор

Датум: 20 јуни 2025 година

Потпишано за и во име на Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија - ЗЕЛС:

Душица Перишиќ

Извршен директор

Датум: 20 јуни 2025 година